Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 април 2024 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на Маја Џеповска УП2 09-13/24 од 9 јануари 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1137686855 за период од 16.11.2023 - 20.12.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1137686855 за период од 16.11.2023 - 20.12.2023 година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. Се задолжува ЕВН ХОМЕ да изврши корекција на фактурата врз основа на реални податоци во моментот на монтирање на новото броило.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Маја Џеповска до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: фактура за испорачана електрична енергија бр. 1137686855 за период од 16.11.2023 - 20.12.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Жалителот потенцира дека од Електродистрибуција му укажале дека постои опција за нестандарден приклучок.

Според ЕВН ХОМЕ - двете броила се променети и уредно спроведени кај корисникот. Во делот на отчитување, броилото е ресетирано и оптички отчитано на 20.12.2023г., па оттука не може да се постапи по барањето на корисникот за корекција на фактура.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 20 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-13/24 од 9 јануари 2024 година со прилог:

-Комуникација со ЕВН ХОМЕ

-Дополна од жалителот од 23 јануари 2024 година;

2. Одговор од ЕВН од 23 јануари 2024 година со прилог:

-Работен налог за промена на броило од 15 ноември 2023 година за ул. Париска 48, стан 6

-Работен налог за промена на броило од 15 ноември 2023 година за ул. Париска 48, стан 8

-Извештај за отчитани состојби

и на седницата беше заклучено Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави записник од извршената промена на броилото, при што на 5 март Записникот беше доставен. Видно од Извештајот за отчитани состојби на броилото е дека во приговараната фактура се наведени 2000kWh вишок при промена на броилото, односно место 130 се наведени 2130.

Потоа, на седница одржана на 7 март 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–13/24**
**25 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**